**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2802-92/17 од 7.10. 2014 година донесена на 24-та седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 7.10. 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на доцент за наставно-научната област Дизајнирање на текстил и облека на текстилот на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Утрински весник“ и „Нова Македонија“ од 18.9. 2014 година и во предвидениот рок се пријавија:

- М-р Јордан Ефремов магистер по ликовни уметности од областа сликарство.
- М-р Ванѓа Димитријева – Кузманоска, магистер по ликовна и декоративна уметност од областа на моден и текстилен дизајн.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Ванѓа Димитријева–Кузманоска** е родена на 8.4. 1978 година во Штип, Р. Македонија, каде завршува основно и средно образование. Дипломира во 2004 година на Факултетот за ликовни и декоративни уметности при Универзитетот за уметност и дизајн „Јоан Андрееску“ во Клуж – Напока, Р. Романија на насоката моден и текстилен дизајн во 2004 година со просечна оценка **8,38.** Магистрира на Факултетот за ликовна и декоративна уметност при Универзитетот за уметност и дизајн „Јоан Андрееску“ во Клуж – Напока, Р. Романија на насоката моден и текстилен дизајн, на тема со наслов *„Антиката во кинематографијата и нејзиното влијание врз модата*“, на 7 јуни 2006 година со просечна оценка **9,27** и се стекнува со академски статус *магистер по ликовна и декоративна уметност од областа на моден и текстилен дизајн.*

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент по стручно уметнички предмети:***

- има соодветно високо образование од втор степен,

*Кандидатот има завршено втор циклус на студии од областа на моден и текстилен дизајн*,

- Успех од најмалку 8 просечна вредност на студиите на прв и втор циклус;

*Кандидатот има остварено просечен успех од **8,50** на прв и втор циклус на студии.*

- Има најмалку четири признати меѓународни уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјава, во последните пет години;

*Кандидатот има четири меѓународни признати уметнички и стручни преставувања според приложените сертификати кои се во прилог*

- успешно дејствување во соодветната област на уметноста и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата;

*Кандидатот успешно дејствува во соодветната област, што се докажува преку приложените сертификати кои ги има стекнато од нејзините активности и има позитивна оценка од самоевалуацијата.*

– *кандидатот кој не бил биран за соработник треба да има најмалку 5 (пет) години работно искуство по стекнувањето со научен степен магистер од соодветната област;*

*Кандидатот има повеќе од 6 години работно искуство* по стекнувањето со научен степен магистер

– покажува способност за наставно-образовна работа;

*Кандидатот покажува способност за наставно-образовна дејност и според приложената табела има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето.*

***Наставно-образовна дејност***

***Работно искуство***

– Во 2008 година се вработува на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип на Технолошко-технички факултет како помлад асистент. (10 поени)
– Во 2011 година на 35 седница на Наставно-научниот совет на ТТФ со одлука бр. 2862-61/3 од 15.06. 2011 година е избрана во асистент. (15 поени)

Кандидатот М-р Ванѓа Димитријева–Кузманоска 6 години работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, од 2008 до 2011 година, како помлад асистент, а од 2011 до 2014 како асистент по предметите *Техники на цртање, Дизајн на текстил и облека, Ликовно обликување на текстил, Основи на дизајн, Костимографија, Колекција, Бизнис комуникација, Печатење на текстилот, Нови медиуми и мода.*

*Од изборот во асистент во 2014 година има позитивно рецензирана скрипта по предметот Ликовно обликување на текстилот.*

***Познавање на странски јазици***: сертификат за познавање на англиски јазик, Уверение за завршен курс за романскиот јазик и стручна терминологија, на Универзитетот „Бабеш Бојај“ Клуж - Напока, Р. Романија, 2000 година.

***Научно-истражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

***Магистерски труд:***

Ванѓа Димитријева (2006) ***„Антиката во кинематографијата и нејзиното влијание врз модата“***, *Универзитет за уметност и дизајн „Јоан Андрееску“ Клуж – Напока, Р. Романија.* (4 поени)

***Студиски престој во странство:***

*Studii a terminologiei limbii romane, Facultate de Litere, Universitatea „Babes Boiai” Cluj – Naroca, Romania, octombrie – iunie,1999/2000.* (8 поени)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

***Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир***

Mitreva, Elizabeta and Dimitrijeva, Vanga (2010) *Анализа на актуелната состојба на влашките компании во поглед на пристапот кон квалитетот на производите/ услугите.* In: Симпозиум за културата и цивилизацијата на Ароманците низ вековите, 15-18 октомври, 2010, МАНУ, Скопје. (2 поени)

– Во овој труд направена е анализа на некои влашки компании во РМ во поглед на тоа колку е прифатена TQM филозофијата и кои чекори ги презема топ менаџментот во поглед на квалитетот, конкурентноста, иновативноста, образованието.

***Стручни награди и признанија***

1. Благодарница од ХУЦК „Ацо Шопов“ Штип за особен придонес со изработка на костимографија за театарската претстава „Лаги вистински“, декември 2012 година. (4 поени)
2. Сертификат за заслуги на меѓународен камп за изработки на народни носии, Кампулунг, Романија 2012 година. (8 поени)

3. Награда за помош и придонес во развојот и афирмацијата на Националниот проект „ Крушево етно-град”, јули 2012 година, Крушево. (4 поени)
4. Награда за најдобра изложба со традиционални носии од влашкиот фолклор, проект „Крушево етно-град”, 2012 година. (4 поени)
5. Награда за најдобра изложба на меѓународната културна манифестација „ Планинска цивилизација влашко-романски дијалог”, Р. Романија, мај 2013 година. (8 поени)
6. Благодарница за особена посветеност во работата со децата преку креативни работилници и извонредни достигнувања во едукацијата на децата, ЈОУДГ „Гоце Делчев“, Пробиштип, јуни 2013 година. (4 поени)
7. Благодарница за ревија со староградски носии, јуни 2013 година, СОУ „Наум Наумовски Борче“, Крушево. (4 поени)
8. Сертификат за заслуги за посебен придонес во областа на културата и уметноста со изработка на колекција на традиционални влашки костими, меѓународнен камп, изложби на носии јуни 2013 година, Р. Романија. (8 поени)
9. Признание за учество со традиционални костими од македонскиот, влашкиот и турскиот фолклор, јули 2013 година, Крушево. (4 поени)
10. Награда за активно вклучување на студенти со изработки на носии од македонскиот, влашкиот и турскиот фолклор, јули 2013 година, НУ „Историски музеј“ Крушево. (4 поени)
11. Благодарница за учество и поддршка во реализацијата на првото издание на манифестацијата „Денови на модата“ септември 2013 година, општина Штип. (4 поени)
12. Благодарница за учество во манифестацијата „МОДА, УМЕТНОСТ,МУЗИКА“, август 2013, Општина Пробиштип. (4 поени)
13. Благодарница за изработена костимографија, јануари 2014 година, СОУ „Наум Наумовски Борче“ Крушево. (4 поени)
14. Сертификат за реализирана работилница за изработка на староградски носии, јули 2014, Општина Крушево. (4 поени)
15. Специјална награда од жирито за промовирање на детски влашки народни костими, меѓународен камп на народни костими, септември 2014 година, Р.Романија. (8 поени)

***Доставени документи***

Пријава, оригинал диплома за завршени магистерски студии, решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство од МОН заверена кај нотар (копија од еквиваленција), уверенија за положени испити од прв и втор циклус на студии, кратка биографија во 4 примероци, примерок од труд, листа на трудови, награди и признанија од земјава и странство, потврди за признати уметнички и стручни дела, потврда за англиски, препораки од двајца професори, препорака од претходниот работодавач, еден примерок од магистерскиот труд, уверение за државјанство.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. бр.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Избран во звање помлад асистент | 10 |
| 2 | Избран во звање асистент | 15 |
| | | |
| | **ВКУПНО** | **25** |

| **Ред. бр.** | **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 11 | Одбранета магистерска работа | 4 | - |
| 22 | Студиски престој во странство | 8 | |
| | **ВКУПНО** | **12** | |

| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 6 | Труд објавен во зборник со трудови на стручен собир | 2 | |
| 19 | Стручни награди и признанија | 44 | 32 |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 6 | |
| | **ВКУПНО** | **84** | |
| | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **121** | |

Во согласност со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатот ги има остварено следните поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- Наставно-образовна (НО) = 25
- Научно-истажувачка (НИ) и Стручно-уметничка (СУ) = 12
- Стручно-апликативни и организационо-развојно (САОР) = 84
- Вкупно (НО + НИ + СУ + САОР) = 121 поени

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 127 (посебни критериуми за избор по стручно-уметнички предмети) од Законот за високото образование на РМ, го даваме следниов заклучок и предлог:

Врз основа на приложените стручни и уметнички трудови, работната биографија, искуството во наставната и научно-истражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната активност која е поврзана со наставно-научната област „Дизајнирање на текстил и облека“, кандидатот м-р Ванѓа Димитријева–Кузманоска ги исполнува сите законски услови **за избор во звање доцент по стручно-уметнички предмети**.

Кандидатот **м-р Ванѓа Димитријева–Кузманоска** покажува голема способност во наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност што се констатира од објавените стручни и уметнички трудови, а кои во квантифицирана форма се прикажани во табелите кои се составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставник во сите звања за наставно–научна област по стручно-уметнички предмети на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатот м-р Ванѓа Димитријева–Кузманоска да биде избран во доцент по стручно уметнички предмети од наставно-научната област „Дизајнирање на текстил и облека“.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Катерина Деспот, вонреден професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, претседател**
**Д-р Пенка Димитрова , редовен професор на Машиностроителен факултет – Текстилна техника, Технички Универзитет, Софија, член**
**М-р Јана Јакимоска, доцент на Ликовна академија, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, член**